РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**Одделение за урбанистичко планирање**
**Бр.28-3/2886/2 од 26.07.2024 година**
**С К О П Ј Е**

Во согласност со одредбите на член 22 и член 38 став (8) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ број 32/20 и 111/23), Комисијата за урбанизам на Општина Гази Баба формирана со Решение број 08-3855-1 од 03.07.2024 година, изработи Анализа на степенот и начинот на спроведување и реализација на урбанистичките планови на територијата на Општина Гази Баба за 2023 година, заверена со број 28-3/2886/1 број од 26.07.2024, за која е составен следниот

# ИЗВЕШТАЈ

## од извршената анализа на степенот и начинот на спроведување и реализација на урбанистичките планови на територијата на Општина Гази Баба за 2023 година

Анализата е изготвена со цел добивање на целосен преглед на состојбата на реализација на урбанистичките планови на територијата на Општина Гази Баба, а со тоа и спроведување на стратегии и мерки за натамошен, одржлив развој на општината.

Анализата содржи:

- преглед на сите важечки урбанистички планови на територијата на Општина Гази Баба (вкупно 91 урбанистички планови)
- годишна анализа на 91 урбанистички планови кои подлежат на анализа согласно член 22 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ број 32/20 и 111/23) и
- заклучок

Општ заклучок од извршената анализа е дека најголемиот дел од плановите изработени во согласност со ГУП на Град Скопје 2012 – 2022 се

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

применуваат без поголеми проблеми. Иако од донесување на ГУП на Град Скопје 2012 – 2022 се измени законската и подзаконската регулатива, стандардите и нормативите суштински не се променети во голема мера.

Останатите детални урбанистички планови кои се изработени според преходните генерални урбанистички планови (Изменување и дополнување на ОУП на Град Скопје од 1985 година и ГУП на Град Скопје 2001 – 2020), во голема мера се неусогласени со моментално важечкиот ГУП на Град Скопје 2012 – 2022, со моменталната позитивна законска и подзаконска регулатива и со моменталните дигитални катастарски планови.

За дел од овие планови се веќе започнати постапки за нивно изработување. Истите се внесени во оваа и во претходните Годишни програми за изработка на урбанистички планови во Општина Гази Баба.

Плановите за кои е констатирано дека е потребно да се усогласат со моментално важечкиот ГУП на Град Скопје 2012 – 2022, со моменталната позитивна законска и подзаконска регулатива и со моменталните дигитални катастарски планови се внесени во оваа и во претходните Годишни програми за изработка на урбанистички планови во Општина Гази Баба.

Во дел од Општина Гази Баба, кои се во рамки на важечкиот ГУП на Град Скопје 2012-2022, постојат подрачја за кои не е изработена урбанистичко планска документација. Ова се однесува на следните градски четврти: С17 (блок 02, блок 03 и блок 04), С19 (блок 02, блок 03 и дел од блок 05), С 20, С21 (дел од блок 02, блок 05 и блок 06), С22 (дел од блок 03), С26 (блок 01, блок 02 и дел од блок 03),ССИ07 (блок 01 и дел од блок 02), ЦС 11 (блок 04), СИ01 (блок 01 и блок 02), СИ03 (блок 01), СИ04 (дел од блок 02), СИ08 (блок 01 и блок 02, дел од блок 05 и дел од блок 06), СИ09 (блок 02 и блок 03). Од наведените, на информацискиот систем е-урбанизам се водат постапки за следните градски четврти: С21.02, СИ 08.02, С26.01, С26.02, С26.03 и СИ 08.01, додека за СИ 08.03 веќе е изработен и донесен Детален урбанистички план за градска четврт СИ 08 Блок СИ 08.03, општина Гази Баба – Скопје.

Донесените важечки урбанистички планови за селата на територија на Општина Гази Баба, односно УПС Гоце Делчев и УПС Трубарево, се спроведуваат без поголеми проблеми. Во информацискиот систем е-урбанизам се

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

започнати постапки за донесување на: УПС за село Колонија - општина Гази Баба-Скопје (постапка број 7779); Измена и дополна на УПС Гоце Делчев, блок 2, Општина Гази Баба, Скопје (постапка број 60128) и Изменување и дополнување на Блок 10 од Урбанистички план за село Трубарево со разработка на Блок 8, Општина Гази Баба – Скопје (постапка број 58271).

За останатиот дел од селата, реализацијата се одвива преку усвоените општи акти за село. Со оглед на тоа дека општите акти се утврдуваат генерални услови за изградба кои немаат важечка урбанистичка документација, за правилен плански развој е потребно да се изработат урбанистички планови за села. Општина Гази Баба во оваа и во претходните Годишни програми за изработка на урбанистички планови во Општина Гази Баба има предвидено изработка на урбанистички планови за селата: Јурумлери, Идризово, Идризово, Синѓелиќ, Стајковци, Инџиково, Булачани, Црешево, Виниче, Страчинци, Смилковци, Брњарци и Раштак.

Општина Гази Баба има усвоени 4 Урбанистички планови вон населено место и тоа: УПВНМ Спортско рекреативен центар Гази Баба, УПВНМ за изградба на индустриска зона на локалитет Обиколница од клучка Хиподром до клучка Синѓелиќ, УПВНМ за КПД Идризово и УПВНМ Индустриски комплекс – Пилко. Во информацискиот систем е-урбанизам е започната постапка за донесување на Изменување и дополнување на УПВНМ за изградба на индустриска зона на локалитет заобиколница од клучка "Хиподром" до клучка "Синѓелиќ", Блок 11 и Блок 12 (постапка број 34580). Во оваа и во претходните Годишни програми за изработка на урбанистички планови во Општина Гази Баба има предвидено изработка на Изменување и дополнување на УПВНМ СРЦ Гази Баба – блок 1.

Продолжување на постапката за изработка до конечно донесување се препорачува на следните започнати урбанистички планови:

- ДУП за Градска четврт ЦС 10, Блок 01;
- ДУП за Градска четврт С 21, Блок 02;
- ДУП за Градска четврт С 23, Блок 02;
- Изменување и дополнување на ДУП за Градска четврт СИ 05, Блок 01;
- Изменување и дополнување на ДУП за Градска четврт СИ 04, Блок 03;
- ДУП за Градска четврт ЦС 12;

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

- ДУП за Градска четврт СИ 08, Блок 02;
- Изменување и дополнување на блок 02 од ДУП за Градска четврт СИ 10;
- ДУП за Градска четврт С 22, Блок 05;
- ДУП за Градска четврт С 26, Блок 04;
- ДУП за Градска четврт С 26, Блок 03;
- ДУП за Градска четврт СИ 03, Блок 04;
- ДУП за Градска четврт ССИ 09;
- ДУП за Градска четврт С 19, Блок 07;
- Изменување и дополнување на ДУП за Градска четврт СИ 06, Блок 08;
- ДУП за Градска четврт С 26, Блок 01;
- ДУП за Градска четврт С 26, Блок 02;
- ДУП за Градска четврт ССИ 08, Блок 03;
- ДУП за Градска четврт ССИ 08, Блок 02;
- Изменување и дополнување на ДУП за Градска четврт ЦС 09, Блок 02 и Блок 03;
- ДУП за Градска четврт СИ 01, Блок 03;
- Изменување и дополнување на ДУП за Градска четврт ЦС 11, Блок 05;
- ДУП за Градска четврт ССИ 07, Блок 05;
- ДУП за Градска четврт СИ 03, Блок 02;
- ДУП за Градска четврт СИ 08, Блок 01;
- ДУП за Градска четврт СИ 12, Блок 02;
- ДУП за Градска четврт СИ 10, Блок 03;
- ДУП за Градска четврт ЦС 10, Блок 03;
- Измена и дополна на УПС Гоце Делчев, блок 02;
- Изменување и дополнување на блок 10 од УПС Трубарево со разработка на блок 8;
- Изменување и дополнување на УПВНМ за изградба на индустриска зона на локалитет заобиколница од клучка „Хиподром“ до клучка „Синѓелик“ Блок 11 и Блок 12;
- УПС Булачани;

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

– Измена и дополна на Блок 1 и вонблоковско подрачје од УПВНМ СРЦ Гази Баба;
– УПС Стајковци;
– УПС Колонија

Се препорачува на започнување на постапка за изработка на нови урбанистички планови за:

– ДУП за Градска четврт С 23, Блок 01;
– ДУП за Градска четврт С 21, Блок 04;
– ДУП за Градска четврт ЦС 11, Блок 04;

**Комисија за урбанизам:**

- Александар Јанакиески, диа – претседател
- Елена Дракуловска-Гигов, диа – член

  Elena Drakulovska Gigov — Digitally signed by Elena Drakulovska Gigov Date: 2024.07.26 12:07:15 +02'00'
- Катерина Велков, диа –член

  Katerina Velkov — Digitally signed by Katerina Velkov Date: 2024.07.26 11:41:04 +02'00'
- Кристина Јовковска Коваленска, диа – член

  Kristina Jovkovska Kovalenska — Digitally signed by Kristina Jovkovska Kovalenska Date: 2024.07.26 11:39:14 +02'00'
- Натали Ташевска Гулевска, диа – член

  Natali Tashevska-Gulevska — Digitally signed by Natali Tashevska-Gulevska
- Сашо Смилјаноски, дипл. сообр. инж. – член

  Sasho Smiljanoski — Digitally signed by Sasho Smiljanoski